Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66а, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/ асистент за наставно-научната област туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип на 48. редовна седница, одржана на 22.8.2011 година, донесе Одлука бр. 2002-101/4 со која сме определени за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент / асистент*** за научната област ***информатика***.

По разгледувањето на поднесените документи, имаме чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 4.4.2011 година, за избор на еден соработник во звање *помлад асистент / асистент* за научната област *информатика* се пријави кандидатот м-р Душан Биков.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Душан Биков** е роден на 6 јануари 1987 година во Штип. На Великотрновскиот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Велико Трново, Р. Бугарија, се запишува во учебната 2005/2006 година, на насоката Информатика. Дипломира во 2009 година со просечна оценка 5.5 (бугарскиот систем на оценување има оценки од 2 до 6) со дипломска работа со наслов „*Програма за електронски регулатор со микроконтролер P89LPC924/925*“.

На постдипломски студии се запишува во 2009 година на Великотрновскиот универзитет „Св. Кирил и Методиј“, на насоката Информатика, Информациони системи. Сите предвидени испити ги положува со одличен успех и во 2011 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „*Анализа, симулација и имплементација на криптографија по елиптична крива во безжични сензорски мрежи*“, со што се здобива со звање **магистер по информатика**, **информациони системи,** со просечна оценка од студиите 6,00 по бугарскиот систем на оценување или по еквиваленција на оцените просек 10,00.

За време на студиите, во периодот од 2008 до 2009 година посетува курсеви и се здобива со следниве сертификати

- EBSCOhost: Research Databases Training Session,
- Cisco CCNA – Network Fundamental,
- Cisco CCNA –Routing protocols and Concepts,
- Cisco CCNA – LAN Switching and wireless Demo.

Кандидатот **м-р Душан Биков** одлично ги познава англискиот и бугарскиот јазик и е државјанин на Република Македонија.

***Работно искуство и наставно-образовна дејност***

По дипломирањето работи како IT специјалист во фирмата „Тремол“ ООД, Велико Трново, Бугарија.

Од октомври 2009 година работи како волонтер на Факултетот за информатика, каде што учествува во изведувањето на наставата по предметите Безбедност на компјутерски системи, Компајлери, Компјутерски мрежи и Бази на податоци.

***Објавени научни и стручни трудови***

1. Стојанова А., Лошковска С., Биков Д. Виртуелна реалност во психотерапијата, ЕТАИ 2011, Охрид (во печат).
2. Maja Kukuseva, Aleksandar Risteski, **Dusan Bikov**, Dejan Milcevski. Power analyze of elliptic curve cryptography for usage in wireless sensor networks, ЕТАИ 2011, Охрид (во печат).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот ги исполнува сите законски критериуми за избор во звање помлад асистент, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" –Штип.

Врз основа на целокупната досегашна активност на кандидатот м-р Душан Биков, може да се заклучи дека кандидатот поседува извонредни квалитети за наставна и научно-истражувачка работа.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика - Штип, да го избере **м-р Душан Биков во звањето помлад асистент за наставно-научната област *информатика*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Цвета Мартиновска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Сашо Коцески, член, с.р.**
**Доц. д-р Наташа Коцеска, член, с.р.**